Врз основа на член 39 точка 1 од Законот за локална самуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Претседателот на Советот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За свикување на 61-та седница на Советот на општина Конче.

Седницата ќе се одржи на ден 29.07.2021 год. (четврток) со почеток во 11:00 часот во просториите на општина Конче.

За седницата го предлагам следниот :

Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записникот од 58-та, 60-та, седница на Советот на општина Конче

1. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ Гоце Делчев-Конче за 2021-2022 година.
2. Годишен извештај за работа на ООУ Гоце Делчев-Конче за учебната 2020-2021 година;
3. Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на општина Конче за 2021 година;
4. Предлог-Одлука за времено вршење на погребални услуги од управителот на гробиштата на територијата на општина Конче;
5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на градежно неизградено земјоделско земјиште по $м^2$ за подрачјето на општина Конче;
6. Предлог-Одлука за доставување на Процена на загрозеност на подрачјето на општина Конче од сите ризици и опасности;
7. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈКПД Лакавица- Конче за потребите на инвеститорот општина Конче за изградба на четири нови краци на фекална канализација во с.Дедино;
8. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈКПД Лакавица- Конче за потребите на инвеститорот општина Конче за изградба на четири нови краци на фекална канализација во с.Конче.

- Разгледување на барања;
- Советнички прашања;

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Број 08- 1050 /1
Дата 15.07.2021
Конче